Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 0566-144535/1
Датум 30-04-2012

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 6б, 1000 Скопје

1157394000006

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
ул. Димитрија Чуповски бр. 26, 1000 Скопје

Датум: 30.04.2012 година

Предмет: Финансиски извештаи за првото тримесечје од 2012 година

Почитувани,

Во согласност со членовите 157, 160 и 164 од Законот за хартии од вредност, во врска со обврските за известување за првото тримесечје од 2012 година на Македонски Телеком АД - Скопје, во прилог е целосниот материјал за првото тримесечје од 2012 година, кој содржи:

1. Консолидиран и неконсолидиран неревидиран биланс на успех и анализа на консолидираната и неконсолидираната оперативна добивка/загуба изготвени според Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ);
2. Детални образложенија за работењето на Македонски Телеком АД - Скопје за првото тримесечје од 2012 година (кои се однесуваат на консолидираниот и неконсолидираниот неревидиран биланс на успех);
3. Изјави за вистинитост на податоците.

Целосниот материјал за првото тримесечје од 2012 година, според подзаконската регулатива ќе биде доставен во електронска форма на веб страницата на Комисијата за хартии од вредност преку соодветниот модул.

Со почит,

Македонски Телеком

Оливер Костуранов
Претседател на Одбор на директори

Даниел Сас
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

**До:** **Комисија за хартии од вредност на РМ**
**Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје**

**Датум:** **30.04.2012 година**

**Предмет:** **Образложение за работењето на Македонски Телеком АД - Скопје за периодот од 01.01.2012 до 31.03.2012 година**

Следнава анализа се однесува на консолидираните финансиски извештаи на Групацијата Македонски Телеком АД – Скопје која ги вклучува Македонски Телеком АД – Скопје, Т-Мобиле Македонија АД Скопје и Фондацијата е-Македонија – Скопје.

Во текот на првиот квартал на 2012 година, приходите од продажба на ниво на Групација се намалија за 12,2% во споредба со истиот период во 2011 година, главно поради намалувањето на приходите од мобилниот сегмент во споредба со истиот период од изминатата година.

Приходите од говорни услуги во фиксниот сегмент се намалија како резултат на намалениот број на корисници на фиксна телефонија за 9,1% во споредба со истиот квартал изминатата година, што резултираше во корисничка база од 302 илјади на крајот од март 2012 година и намалување на појдовниот сообраќај за 13,8% во износ од 187.707 илјади минути во првиот квартал од 2012 година. Меѓутоа, Македонски Телеком успеа да ја одржи својата водечка позиција на пазарот со 75% удел на пазарот (интерна проценка) во сегментот на фиксна телефонија, со удел на пазарот на широкопојасен интернет од 56% (интерна проценка). Приходите од интернет и дигитална телевизија преку интернет протокол (IPTV) се зголемија за 7,4% во споредба со првиот квартал од минатата година. Фокусот на double и triple play пакетите резултираше во зголемен број на DSL корисници за 5,6% што резултираше во корисничка база на DSL од 162 илјади корисници на крајот од март 2012 година. Македонски Телеком, со својата IPTV услуга, влезе како предизвикувач на пазарот што веќе беше доминиран од страна на операторите на кабелски телевизии. Сепак, како резултат на висококвалитетната услуга, интерактивноста и единственото ТВ искуство, Македонски Телеком постигна зголемување на бројот на IPTV корисници за 26,6% во споредба со крајот на март 2011 година, при што бројот на корисници изнесуваше 42 илјади на крајот на март 2012 година.

Приходите од мобилна телефонија се намалени главно како резултат на интензивираната конкуренција. Опаѓањето на приходите од мобилна телефонија најмногу се должи на намалувањето на приходите од говорни малопродажни услуги, главно како резултат на намалувањето на базата на претплатници што резултираше со 1.229 илјади претплатници на крајот од март 2012 година. Освен тоа, просечниот приход по корисник (ARPU) се намали за 11,9%. Мобилниот интернет останува во нашиот фокус со постојано воведување на различни промоции, иновативни услуги базирани на интернет и најнови „смарт" телефони на пазарот. Сепак, дури и со оваа силна конкуренција во цените, Т-Мобиле Македонија ја одржа својата водечка позиција на пазарот со 49,9% удел на пазарот (интерна проценка).

На страната на трошоците, во текот на првиот квартал од 2012 година, оперативните расходи се зголемија за 5,5% во споредба со истиот период во 2011 година. Зголемувањето главно е резултат на зголемувањето на ставката Амортизација.

Горенаведените движења на страната на приходите и трошоците резултираа со намалување на нето добивката за првиот квартал од 2012 година за 44,9% во споредба со истиот период изминатата година, што резултираше во нето добивка од 761.355 илјади денари.



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*На 13 февруари 2006 година, Маѓар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е спроведена истрага за одредени договори склучени од друга подружница на Маѓар Телеком АД, со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Маѓар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Маѓар Телеком ги ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Врз основа на јавно достапните информации, како и информациите добиени од Маѓар Телеком, и како што беше претходно обелоденето, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком спроведе интерна истрага во однос на одредени договори поврзани со активностите на Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија, кои вкупно изнесуваа повеќе од 31 милион евра. Поконкретно, интерната истрага испитуваше дали Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија извршиле плаќања коишто се забранети со законите или прописите на САД, вклучувајќи го и Законот на САД за спречување на корумпирано однесување во странство („FCPA"). Друштвото претходно ги обелодени резултатите од интерната истрага.*

*Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го информираше Министерството за правда на САД („МП") и Комисијата за хартии од вредност на САД („КХВ") за интерната истрага. МП и КХВ започнаа истрага за активностите коишто беа предмет на интерната истрага. Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година.*

*Во 2011 година, Маѓар Телеком склучи конечни спогодби со МП и КХВ за решавање на истрагите на МП и КХВ поврзани со Маѓар Телеком. Со спогодбите завршија истрагите на МП и КХВ.*

*Маѓар Телеком склучи двегодишен договор за одложено гонење („ДОГ") со МП, според кој Маѓар Телеком беше обвинет за прекршување на одредбите од ФЦПА за спречување на давање поткуп и за две прекршувања на одредбите на FCPA што се однесуваат на водењето на деловните книги и евиденцијата. Во согласност со ДОГ, на 29 декември 2011 година, МП поднесе кривична информација („Информација") во која овие обвиненија се изнесуваат до Окружниот суд на САД за Источната област на Вирџинија. Маѓар Телеком се согласи да ги признае наводите на МП и да преземе одговорност за дејствијата согласно обвинението изнесено во Информацијата. Маѓар Телеком се сложи да плати кривична казна во износ од 59,6 милиони американски долари, да соработува со МП во идни истраги, да се воздржи од какви било прекршувања на сојузниот кривичен закон на САД, да продолжи да ја спроведува програмата за усогласеност и да поднесува извештај за програмата за усогласеност до МП на годишно ниво во текот на времетраењето на ДОГ. МП ќе ги отфрли обвиненијата по завршувањето на двегодишниот период, доколку Маѓар Телеком не го прекрши ДОГ.*

*На 29 декември 2011 година, КХВ поднесе Тужба („Тужба") во Окружниот суд на САД за Јужната област на Њујорк и предложи Конечна пресуда против Маѓар Телеком („Конечна пресуда"). Без да ги признае или да ги негира наводите во Тужбата, Маѓар Телеком се согласи кон поднесувањето на Тужбата и донесувањето на Конечна пресуда за решавање на истрагата на КХВ. Во Тужбата се наведени граѓански прекршувања на одредбите од FCPA за спречување на давање поткуп, водење на деловните книги и евиденција и за интерни контроли. Со Конечната пресуда, којашто беше одобрена од страна на Окружниот суд на САД за Јужната област на Њујорк на 3 јануари 2012 година, на Маѓар Телеком му е изречена трајна забрана во однос на прекршувањето на овие одредби и се бара од Маѓар Телеком да плати 25,2 милиони американски долари за враќање на нелегално стекната добивка и 6,0 милиони американски долари камата на тие средства за периодот пред донесувањето на пресудата.*

*Во конечните спогодби, МП и КХВ ги земале предвид пријавувањето на делото од страна на Маѓар Телеком, темелната интерна истрага, корективните мерки и соработката во истрагите на МП и КХВ. Маѓар Телеком презема неколку корективни мерки за справување со прашањата што беа идентификувани во текот на овие*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*истраги. Овие мерки вклучуваат чекори кои имаат за цел ревидирање и подобрување на интерните контроли на Маѓар Телеком, како и воспоставување на Програма за корпоративна усогласеност. Програмата за корпоративна усогласеност ја подобрува свесноста за политиките и процедурите за усогласеност на Маѓар Телеком по пат на обуки, работењето на телефонска линија за пријава на прекршоци, и мониторингот и комуникацијата со вработените и подружниците на Маѓар Телеком. Маѓар Телеком останува целосно посветен кон одговорно корпоративно однесување.*

*На 6 јануари 2012 година, Маѓар Телеком плати кривична казна во износ од 59,6 милиони американски долари во согласност со спогодбата со МП, а на 23 јануари 2012 година Маѓар Телеком плати 25,2 милиони американски долари за враќање на нелегално стекната добивка и 6,0 милиони американски долари камата за периодот пред донесувањето на пресудата во согласност со спогодбата со КХВ, што изнесува вкупно 90,8 милиони американски долари коишто се платени во врска со спогодбите со МП и КХВ.*

*Погоре наведената спогодба од страна на Маѓар Телеком и поврзаната обврска не беа евидентирани во консолидираните финансиски извештаи на Групацијата. Овие износи беа одразени во консолидираните финансиски извештаи на Маѓар Телеком и не се одразени во консолидираните финансиски извештаи на Друштвото..*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Маѓар Телеком АД на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД, на Одоборот на директори на Маѓар Телеком му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД" од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален извештај").*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, во јануари 2010 година Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите") за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Раководството на Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Раководството во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 248.379 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) заклучно со 31 Декември 2009 што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај). Во 2010 година идентификуваниот износ во врска со потенцијалното даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) изнесуваше МКД 261.834 илјади од кои МКД 227.972 денари илјади кои се однесуваа на Друштвото беа исплатени во 2010 година согласно извршна одлука, издадена од страна на Управата за јавни приходи. Во Подружницата, заклучно со 31 декември 2011 сумата за идентификуваното потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната затезна камата) изнесува МКД 36.019 илјади. (види белешка 14). Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции беше корегирана во консолидираните финансиски извештаи за 2009 година како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година наместо како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беше првично известено. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година).*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи („МВР") на Република Македонија („РМ") до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто така доби слични барања за доставување на одредена документација до Министерството за внатрешни работи на РМ којашто беше уредно доставена.*



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Одделот за организиран криминал при МВР ги предал досиејата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Атила Сендреи (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Ролф Плат (поранешен Главен финансиски директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Михаил Кефалојанис (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Золтан Кишјухас (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања" на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД – Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив. На 11 мај 2010 година беше изведена експертиза и експерти од Министерството за правда на Република Македонија – Канцеларија за судска експертиза - Скопје, побара дополнителни документи од страна на Друштвото со цел да се подготви експертизата. Експертите побараа дополнителни информации во врска со одредени договори склучени во 2005 и 2006 година, и поврзаните фактури. На 1 ноември 2010 година Друштвото ги собра и достави бараните информации/документи до Канцеларија за судска експертиза.*

*На14 март 2011 година, од Основниот суд Скопје 1 Друштвото доби примерок од документот "Наод и мислење", од ноември 2010 година, издаден од Бирото за судско вештачење на Основниот суд Скопје 1 како резултат од вештачењето. Документот „Наод и мислење" се однесува на и содржи заклучоци за пет договори склучени со Чаптекс и Космотелко во 2005 и 2006 година, а кои претходно биле разгледани од страна на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком. Во документот "Наод и мислење" се заклучува дека, врз основа на овие договори биле направени издатоци во износ од 3,975 милиони евра од страна на Друштвото и Каменимост кон Чаптекс "без доказ за извршени услуги"; соодветно, акционерите на Друштвото и Каменимост, пропорционално на нивниот акционерски удел, претрпеле штети во погоре наведениот вкупен износ како резултат на намалените средства за плаќање на дивиденда во 2005 и 2006 година.*

*Врз основа на јавно достапните информации имаме сознание дека јавниот обвинител во 2011 година поднел обвинителен акт против г-дин Сендреи, г-дин Кишјухас и г-дин Плат, но не и против г-дин Кефалојанис. Судското рочиште се одржа на крајот на 2011 година, но беше одложено бидејќи судот не можеше да го обезбеди присуството на ниту еден од обвинетите. Друштвото, како оштетена страна во овој случај, нема добиено официјална судска покана за рочиштето.*

*Според прашањата поставени од страна на истражниот судија би можело да се заклучи дека јавниот обвинител гоословува Друштвото како оштетена страна од дејствијата на обвинетите. Сепак, врз основа на содржината на налогот за вештачење издаден од истражниот судија, и врз база на вештачењето, може да се заклучи дека сега оштетени страни се акционерите на Друштвото (Каменимост АД Скопје, Република Македонија и малцинските акционери), а оттука и државниот буџет, бидејќи Република Македонија е акционер во Друштвото. Поради тоа, јавниот обвинител треба да појасни кој се смета за оштетена страна во*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

*овој конкретен случај, што е од големо значење за позицијата на Друштвото во оваа постапка и за неговите понатамошни активности. Во моментов нема никакви индикации дека Друштвото може да се смета за одговорно и да му се наложи да плати пенали или парични казни за кривичната постапка којашто е иницирана против поединците.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

Македонски Телеком

______________________
Даниел Сас
Главен извршен директор



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МСФИ (Б) (ПО ПРИРОДА НА ТРОШОЦИ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ | | |
| Период на известување | 01.01.2012 – 31.03.2012 - консолидирани | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 3.883.908 | 3.883.908 | 3.405.414 | 3.405.414 | 88 | 88 |
| 2 | Приходи од продажба | 3.832.985 | 3.832.985 | 3.365.459 | 3.365.459 | 88 | 88 |
| 2а | Приходи од продажба на домашен пазар | 3.418.816 | 3.418.816 | 2.975.976 | 2.975.976 | 87 | 87 |
| 2б | Приходи од продажба на странски пазар | 414.169 | 414.169 | 389.483 | 389.483 | 94 | 94 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Останати оперативни приходи | 50.923 | 50.923 | 39.955 | 39.955 | 78 | 78 |
| 5 | ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | -2.564.899 | -2.564.899 | -2.705.065 | -2.705.065 | 105 | 105 |
| 6 | Набавна вредност на трговски стоки | -329.502 | -329.502 | -329.000 | -329.000 | 100 | 100 |
| 7 | Потрошени материјали, ситен инвентар и услуги | -1.103.351 | -1.103.351 | -1.064.644 | -1.064.644 | 96 | 96 |
| 7а | Потрошени материјали и ситен инвентар | -15.936 | -15.936 | -16.084 | -16.084 | 101 | 101 |
| 7б | Услуги | -1.087.415 | -1.087.415 | -1.048.560 | -1.048.560 | 96 | 96 |
| 8 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Трошоци за вработените | -402.760 | -402.760 | -389.859 | -389.859 | 97 | 97 |
| 10 | Амортизација, оштетување на средства и резервирања | -692.246 | -692.246 | -879.672 | -879.672 | 127 | 127 |
| 10а | Амортизација | -786.893 | -786.893 | -878.626 | -878.626 | 112 | 112 |
| 10б | Нето загуби поради оштетување на средства | -1.317 | -1.317 | -1.102 | -1.102 | 84 | 84 |
| 10в | Резервирања за трошоци и ризици | 95.964 | 95.964 | 56 | 56 | 0 | 0 |
| 11 | Останати оперативни расходи | -37.040 | -37.040 | -41.890 | -41.890 | 113 | 113 |
| 12 | ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА | 1.319.009 | 1.319.009 | 700.349 | 700.349 | 53 | 53 |
| 13 | Финансиски приходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 69.673 | 69.673 | 66.819 | 66.819 | 96 | 96 |
| 15 | Останати приходи од финансирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Финансиски расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | -6.413 | -6.413 | -5.813 | -5.813 | 91 | 91 |
| 18 | Останати расходи од финансирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување | 1.382.269 | 1.382.269 | 761.355 | 761.355 | 55 | 55 |
| 20 | Данок од добивка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Нето добивка/загуба по оданочување | 1.382.269 | 1.382.269 | 761.355 | 761.355 | 55 | 55 |
| 22 | Малцински интерес | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Нето добивка/загуба за финансиската година | 1.382.269 | 1.382.269 | 761.355 | 761.355 | 55 | 55 |

Македонски Телеком

Даниел Сас
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

АНАЛИЗА НА КОНСОЛИДИРАНАТА ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО ПРИРОДАТА НА ТРОШОЦИТЕ СПОРЕД МСФИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ | | |
| Период на известување | 01.01.2012 – 31.03.2012 - консолидирани | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | Приходи од продажба | 3.832.985 | 3.832.985 | 3.365.459 | 3.365.459 | 88 | 88 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 50.923 | 50.923 | 39.955 | 39.955 | 78 | 78 |
| 3 | Набавна вредност на продадените стоки и услуги | -329.502 | -329.502 | -329.000 | -329.000 | 100 | 100 |
| 4 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Потрошени суровини, материјали и ситен инвентар | -15.936 | -15.936 | -16.084 | -16.084 | 101 | 101 |
| 6 | Исправка на вредноста | -12.676 | -12.676 | -8.963 | -8.963 | 71 | 71 |
| 7 | Трошоци за вработените | -402.760 | -402.760 | -389.859 | -389.859 | 97 | 97 |
| 8 | Трошоци за продажба | -797.687 | -797.687 | -989.162 | -989.162 | 124 | 124 |
| 9 | Трошоци за услуги од други | -980.657 | -980.657 | -937.968 | -937.968 | 96 | 96 |
| 10 | Останати оперативни расходи | -25.681 | -25.681 | -34.029 | -34.029 | 133 | 133 |
| 11 | ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА | 1.319.009 | 1.319.009 | 700.349 | 700.349 | 53 | 53 |

Даниел Сас
Главен извршен директор

Македонски Телеком

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 30.04.2012 година

Предмет: Образложение за работењето на Македонски Телеком АД - Скопје за периодот од 01.01.2012 до 31.03.2012 година

Следнава анализа се однесува на самостојните финансиски извештаи на Македонски Телеком АД – Скопје.

Во текот на првиот квартал од 2012 година, приходите од продажба бележат пад од 9,3% во споредба со истиот период во минатата година. Приходите од говорни услуги се намалија како резултат на намалениот број на корисници на фиксна телефонија за 9,1% во споредба со истиот квартал изминатата година, што резултираше во корисничка база од 302 илјади на крајот од март 2012 година и намалување на појдовниот сообраќај за 13,8% во износ од 187.707 илјади минути во првиот квартал од 2012 година. Меѓутоа, Македонски Телеком успеа да ја одржи својата водечка позиција на пазарот со 75% удел на пазарот (интерна проценка) во сегментот на фиксна телефонија, со удел на пазарот на широкопојасен интернет од 56% (интерна проценка). Приходите од интернет и дигитална телевизија преку интернет протокол (IPTV) се зголемија за 7,4% во споредба со првиот квартал од минатата година. Фокусот на double и triple play пакетите резултираше во зголемен број на DSL корисници за 5,6 % што резултираше во корисничка база на DSL од 162 илјади корисници на крајот од март 2012 година. Македонски Телеком, со својата IPTV услуга, влезе како предизвикувач на пазарот што веќе беше доминиран од страна на операторите на кабелски телевизии. Сепак, како резултат на висококвалитетната услуга, интерактивноста и единственото ТВ искуство, Македонски Телеком постигна зголемување на бројот на IPTV корисници за 26,6% во споредба со крајот на март 2011 година, при што бројот на корисници изнесуваше 42 илјади на крајот на март 2012 година.

На страната на трошоците, оперативните расходи остануваат стабилни во првиот квартал од 2012 година во споредба со истиот период во минатата година.

Горенаведените движења резултираа со намалување на нето добивката за првиот квартал од 2012 година за 13,4% во споредба со истиот период изминатата година, што резултираше во нето добивка од 3.675.235 илјади денари.

*На 13 февруари 2006 година, Маѓар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е спроведена истрага за одредени договори склучени од друга подружница на Маѓар Телеком АД со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Маѓар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Маѓар Телеком ги ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Врз основа на јавно достапните информации, како и информациите добиени од Маѓар Телеком, и како што беше претходно обелоденето, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком спроведе интерна истрага во однос на одредени договори поврзани со активностите на Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија, кои вкупно изнесуваа повеќе од 31 милион евра. Поконкретно, интерната истрага*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

испитуваше дали Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија извршиле плаќања коишто се забранети со законите или прописите на САД, вклучувајќи го и Законот на САД за спречување на корумпирано однесување во странство („FCPA"). Друштвото претходно ги обелодени резултатите од интерната истрага.

Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го информираше Министерството за правда на САД („МП") и Комисијата за хартии од вредност на САД („КХВ") за интерната истрага. МП и КХВ започнаа истрага за активностите коишто беа предмет на интерната истрага. Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во Посебните финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година.

Во 2011 година, Маѓар Телеком склучи конечни спогодби со МП и КХВ за решавање на истрагите на МП и КХВ поврзани со Маѓар Телеком. Со спогодбите завршија истрагите на МП и КХВ.

Маѓар Телеком склучи двегодишен договор за одложено гонење („ДОГ") со МП, според кој Маѓар Телеком беше обвинет за прекршување на одредбите од ФЦПА за спречување на давање поткуп и за две прекршувања на одредбите на FCPA што се однесуваат на водењето на деловните книги и евиденцијата. Во согласност со ДОГ, на 29 декември 2011 година, МП поднесе кривична информација („Информација") во која овие обвиненија се изнесуваат до Окружниот суд на САД за Источната област на Вирџинија. Маѓар Телеком се согласи да ги признае наводите на МП и да преземе одговорност за дејствијата согласно обвинението изнесено во Информацијата. Маѓар Телеком се сложи да плати кривична казна во износ од 59,6 милиони американски долари, да соработува со МП во идни истраги, да се воздржи од какви било прекршувања на сојузниот кривичен закон на САД, да продолжи да ја спроведува програмата за усогласеност и да поднесува извештај за програмата за усогласеност до МП на годишно ниво во текот на времетраењето на ДОГ. МП ќе ги отфрли обвиненијата по завршувањето на двегодишниот период, доколку Маѓар Телеком не го прекрши ДОГ.

На 29 декември 2011 година, КХВ поднесе Тужба („Тужба") во Окружниот суд на САД за Јужната област на Њујорк и предложи Конечна пресуда против Маѓар Телеком („Конечна пресуда"). Без да ги признае или да ги негира наводите во Тужбата, Маѓар Телеком се согласи кон поднесувањето на Тужбата и донесувањето на Конечна пресуда за решавање на истрагата на КХВ. Во Тужбата се наведени граѓански прекршувања на одредбите од FCPA за спречување на давање поткуп, водење на деловните книги и евиденција и за интерни контроли. Со Конечната пресуда, којашто беше одобрена од страна на Окружниот суд на САД за Јужната област на Њујорк на 3 јануари 2012 година, на Маѓар Телеком му е изречена трајна забрана во однос на прекршувањето на овие одредби и се бара од Маѓар Телеком да плати 25,2 милиони американски долари за враќање на нелегално стекната добивка и 6,0 милиони американски долари камата на тие средства за периодот пред донесувањето на пресудата.

Во конечните спогодби, МП и КХВ ги земале предвид пријавувањето на делото од страна на Маѓар Телеком, темелната интерна истрага, корективните мерки и соработката во истрагите на МП и КХВ. Маѓар Телеком презема неколку корективни мерки за справување со прашањата што беа идентификувани во текот на овие истраги. Овие мерки вклучуваат чекори кои имаат за цел ревидирање и подобрување на интерните контроли на Маѓар Телеком, како и воспоставување на Програма за корпоративна усогласеност. Програмата за корпоративна усогласеност ја подобрува свесноста за политиките и процедурите за усогласеност на Маѓар Телеком по пат на обуки, работењето на телефонска линија за пријава на прекршоци, и мониторингот и комуникацијата со вработените и подружниците на Маѓар Телеком. Маѓар Телеком останува целосно посветен кон одговорно корпоративно однесување.

На 6 јануари 2012 година, Маѓар Телеком плати кривична казна во износ од 59,6 милиони американски долари во согласност со спогодбата со МП, а на 23 јануари 2012 година Маѓар Телеком плати 25,2 милиони американски долари за враќање на нелегално стекната добивка и 6,0 милиони американски долари камата за периодот пред донесувањето на пресудата во согласност со спогодбата со КХВ, што изнесува вкупно 90,8 милиони американски долари коишто се платени во врска со спогодбите со МП и КХВ.

*Погоре наведената спогодба од страна на Маѓар Телеком и поврзаната обврска не беа евидентирани во посебните финансиски извештаи на Друштвото. Овие износи беа одразени во консолидираните финансиски извештаи на Маѓар Телеком и не се одразени во посебните финансиски извештаи на Друштвото.*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Маѓар Телеком АД на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД, на Одборот на директори на Маѓар Телеком му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД" од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален извештај").*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, во јануари 2010 година, Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите") за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Раководството на Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Раководството во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 216.577 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) заклучно со 31 Декември 2009 што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај. Во 2010 година идентификуваниот износ во врска со потенцијалното даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) изнесуваше МКД 227.972 илјади кои беа исплатени во 2010 година согласно извршна одлука, издадена од страна на Управата за јавни приходи. Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции е корегирана во консолидираните финансиски извештаи за 2009 година како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година наместо како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беше првично известено. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година).*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи („МВР") на Република Македонија („РМ") до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи.*

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Одделот за организиран криминал при МВР ги предал досиејата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Атила Сендреи (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Ролф Плат (поранешен Главен финансиски директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Михаил Кефалојанис (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Золтан Кишјухас (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања" на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*



Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар: 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД – Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив На 11 мај 2010 година беше изведена експертиза и експерти од Министерството за правда на Република Македонија – Канцеларија за судска експертиза - Скопје, побара дополнителни документи од страна на Друштвото со цел да се подготви експертизата. Експертите побараа дополнителни информации во врска со одредени договори склучени во 2005 и 2006 година, и поврзаните фактури. На 1 ноември 2010 година Друштвото ги собра и достави бараните информации/документи до Канцеларија за судска експертиза.*

*На14 март 2011 година, од Основниот суд Скопје 1 Друштвото доби примерок од документот "Наод и мислење", од ноември 2010 година, издаден од Бирото за судско вештачење на Основниот суд Скопје 1 како резултат од вештачењето. Документот „Наод и мислење" се однесува на и содржи заклучоци за пет договори склучени со Чаптекс и Космотелко во 2005 и 2006 година, а кои претходно биле разгледани од страна на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком. Во документот "Наод и мислење" се заклучува дека, врз основа на овие договори биле направени издатоци во износ од 3,975 милиони евра од страна на Друштвото и Каменимост кон Чаптекс "без доказ за извршени услуги"; соодветно, акционерите на Друштвото и Каменимост, пропорционално на нивниот акционерски удел, претрпеле штети во погоре наведениот вкупен износ како резултат на намалените средства за плаќање на дивиденда во 2005 и 2006 година.*

*Врз основа на јавно достапните информации имаме сознание дека јавниот обвинител во 2011 година поднел обвинителен акт против г-дин Сендреи, г-дин Кишјухас и г-дин Плат, но не и против г-дин Кефалојанис. Судското рочиште се одржа на крајот на 2011 година, но беше одложено бидејќи судот не можеше да го обезбеди присуството на ниту еден од обвинетите. Друштвото, како оштетена страна во овој случај, нема добиено официјална судска покана за рочиштето.*

*Според прашањата поставени од страна на истражниот судија би можело да се заклучи дека јавниот обвинител го ословува Друштвото како оштетена страна од дејствијата на обвинетите. Сепак, врз основа на содржината на налогот за вештачење издаден од истражниот судија, и врз база на вештачењето, може да се заклучи дека сега оштетени страни се акционерите на Друштвото (Каменимост АД Скопје, Република Македонија и малцинските акционери), а оттука и државниот буџет, бидејќи Република Македонија е акционер во Друштвото. Поради тоа, јавниот обвинител треба да појасни кој се смета за оштетена страна во овој конкретен случај, што е од големо значење за позицијата на Друштвото во оваа постапка и за неговите понатамошни активности. Во моментов нема никакви индикации дека Друштвото може да се смета за одговорно и да му се наложи да плати пенали или парични казни за кривичната постапка којашто е иницирана против поединците.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

Даниел Сас
Главен извршен директор

Македонски Телеком



Македонски Телеком АД – Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## НЕКОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МСФИ (Б) (ПО ПРИРОДА НА ТРОШОЦИ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ | | |
| Период на известување | 01.01.2012 – 31.03.2012 - неконсолидирани | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 2.078.340 | 2.078.340 | 1.877.747 | 1.877.747 | 90 | 90 |
| 2 | Приходи од продажба | 2.050.192 | 2.050.192 | 1.859.773 | 1.859.773 | 91 | 91 |
| 2а | Приходи од продажба на домашен пазар | 1.693.882 | 1.693.882 | 1.515.570 | 1.515.570 | 89 | 89 |
| 2б | Приходи од продажба на странски пазар | 356.310 | 356.310 | 344.203 | 344.203 | 97 | 97 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | Останати оперативни приходи | 28.148 | 28.148 | 17.974 | 17.974 | 64 | 64 |
| 5 | ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | -1.629.974 | -1.629.974 | -1.601.557 | -1.601.557 | 98 | 98 |
| 6 | Набавна вредност на трговски стоки | -110.759 | -110.759 | -87.566 | -87.566 | 79 | 79 |
| 7 | Потрошени материјали, ситен инвентар и услуги | -790.189 | -790.189 | -752.164 | -752.164 | 95 | 95 |
| 7а | Потрошени материјали и ситен инвентар | -10.311 | -10.311 | -10.110 | -10.110 | 98 | 98 |
| 7б | Услуги | -779.878 | -779.878 | -742.054 | -742.054 | 95 | 95 |
| 8 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Трошоци за вработените | -270.949 | -270.949 | -270.148 | -270.148 | 100 | 100 |
| 10 | Амортизација, оштетување на средства и резервирања | -448.752 | -448.752 | -478.089 | -478.089 | 107 | 107 |
| 10а | Амортизација | -448.599 | -448.599 | -477.012 | -477.012 | 106 | 106 |
| 10б | Нето загуби поради оштетување на средства | -153 | -153 | -1.077 | -1.077 | 704 | 704 |
| 10в | Резервирања за трошоци и ризици | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Останати оперативни расходи | -9.325 | -9.325 | -13.590 | -13.590 | 146 | 146 |
| 12 | ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА | 448.366 | 448.366 | 276.190 | 276.190 | 62 | 62 |
| 13 | Финансиски приходи | 3.742.954 | 3.742.954 | 3.355.499 | 3.355.499 | 90 | 90 |
| 14 | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 53.166 | 53.166 | 47.962 | 47.962 | 90 | 90 |
| 15 | Останати приходи од финансирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Финансиски расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | -2.121 | -2.121 | -4.416 | -4.416 | 208 | 208 |
| 18 | Останати расходи од финансирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 19 | Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување | 4.242.365 | 4.242.365 | 3.675.235 | 3.675.235 | 87 | 87 |
| 20 | Данок од добивка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Нето добивка/загуба по оданочување | 4.242.365 | 4.242.365 | 3.675.235 | 3.675.235 | 87 | 87 |
| 22 | Малцински интерес | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Нето добивка/загуба за финансиската година | 4.242.365 | 4.242.365 | 3.675.235 | 3.675.235 | 87 | 87 |

Македонски Телеком

Даниел Сас
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

# АНАЛИЗА НА НЕКОНСОЛИДИРАНАТА ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО ПРИРОДАТА НА ТРОШОЦИТЕ СПОРЕД МСФИ

| Друштво | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ | | |
|---|---|---|---|
| Период на известување | 01.01.2012 – 31.03.2012 - неконсолидирани | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесечие | во однос на претходна година | во однос на претходно тромесечие |
| 1 | Приходи од продажба | 2.050.192 | 2.050.192 | 1.859.773 | 1.859.773 | 91 | 91 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 28.148 | 28.148 | 17.974 | 17.974 | 64 | 64 |
| 3 | Набавна вредност на продадените стоки и услуги стоки | -110.759 | -110.759 | -87.566 | -87.566 | 79 | 79 |
| 4 | Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Потрошени суровини, материјали и ситен инвентар | -10.311 | -10.311 | -10.110 | -10.110 | 98 | 98 |
| 6 | Исправка на вредноста | 9.455 | 9.455 | 1.597 | 1.597 | 17 | 17 |
| 7 | Трошоци за вработените | -270.949 | -270.949 | -270.148 | -270.148 | 100 | 100 |
| 8 | Трошоци за продажба | -524.000 | -524.000 | -553.226 | -553.226 | 106 | 106 |
| 9 | Трошоци за услуги од други | -704.477 | -704.477 | -665.840 | -665.840 | 95 | 95 |
| 10 | Останати оперативни расходи | -18.933 | -18.933 | -16.264 | -16.264 | 86 | 86 |
| 11 | ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА | 448.366 | 448.366 | 276.190 | 276.190 | 62 | 62 |

Македонски Телеком

Даниел Сас
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 30.04.2012 година

# ИЗЈАВА

Во согласност со Законот за хартии од вредност на РМ како и подзаконската регулатива, јас Даниел Сас на функција Главен извршен директор во Македонски Телеком АД – Скопје, потврдувам дека целосниот приложен материјал за прво тримесечје од 2012 година изготвен на консолидирана основа е точен и вистинит.

*На 13 февруари 2006 година, Маѓар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е спроведена истрага за одредени договори склучени од друга подружница на Маѓар Телеком АД, со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Маѓар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Маѓар Телеком ги ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Врз основа на јавно достапните информации, како и информациите добиени од Маѓар Телеком, и како што беше претходно обелоденето, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком спроведе интерна истрага во однос на одредени договори поврзани со активностите на Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија, кои вкупно изнесуваа повеќе од 31 милион евра. Поконкретно, интерната истрага испитуваше дали Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија извршиле плаќања коишто се забранети со законите или прописите на САД, вклучувајќи го и Законот на САД за спречување на корумпирано однесување во странство („FCPA"). Друштвото претходно ги обелодени резултатите од интерната истрага.*

*Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го информираше Министерството за правда на САД („МП") и Комисијата за хартии од вредност на САД („КХВ") за интерната истрага. МП и КХВ започнаа истрага за активностите коишто беа предмет на интерната истрага. Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година.*

*Во 2011 година, Маѓар Телеком склучи конечни спогодби со МП и КХВ за решавање на истрагите на МП и КХВ поврзани со Маѓар Телеком. Со спогодбите завршија истрагите на МП и КХВ.*

*Маѓар Телеком склучи двегодишен договор за одложено гонење („ДОГ") со МП, според кој Маѓар Телеком беше обвинет за прекршување на одредбите од ФЦПА за спречување на давање поткуп и за две прекршувања на одредбите на FCPA што се однесуваат на водењето на деловните книги и евиденцијата. Во согласност со ДОГ, на 29 декември 2011 година, МП поднесе кривична информација („Информација") во која овие обвиненија се изнесуваат до Окружниот суд на САД за Источната област на Вирџинија. Маѓар Телеком се согласи да ги признае наводите на МП и да преземе одговорност за дејствијата согласно обвинението изнесено во Информацијата. Маѓар Телеком се сложи да плати кривична казна во износ од 59,6 милиони американски долари, да соработува со МП во идни истраги, да се воздржи од какви било прекршувања на сојузниот кривичен закон на САД, да продолжи да ја спроведува програмата за усогласеност и да поднесува извештај за програмата за усогласеност до МП на годишно ниво во текот на*

*времетраењето на ДОГ. МП ќе ги отфрли обвиненијата по завршувањето на двегодишниот период, доколку Мaѓар Телеком не го прекрши ДОГ.*

*На 29 декември 2011 година, КХВ поднесе Тужба („Тужба") во Окружниот суд на САД за Јужната област на Њујорк и предложи Конечна пресуда против Мaѓар Телеком („Конечна пресуда"). Без да ги признае или да ги негира наводите во Тужбата, Мaѓар Телеком се согласи кон поднесувањето на Тужбата и донесувањето на Конечна пресуда за решавање на истрагата на КХВ. Во Тужбата се наведени граѓански прекршувања на одредбите од FCPA за спречување на давање поткуп, водење на деловните книги и евиденција и за интерни контроли. Со Конечната пресуда, којашто беше одобрена од страна на Окружниот суд на САД за Јужната област на Њујорк на 3 јануари 2012 година, на Мaѓар Телеком му е изречена трајна забрана во однос на прекршувањето на овие одредби и се бара од Мaѓар Телеком да плати 25,2 милиони американски долари за враќање на нелегално стекнатата добивка и 6,0 милиони американски долари камата на тие средства за периодот пред донесувањето на пресудата.*

*Во конечните спогодби, МП и КХВ ги земале предвид пријавувањето на делото од страна на Мaѓар Телеком, темелната интерна истрага, корективните мерки и соработката во истрагите на МП и КХВ. Мaѓар Телеком презема неколку корективни мерки за справување со прашањата што беа идентификувани во текот на овие истраги. Овие мерки вклучуваат чекори кои имаат за цел ревидирање и подобрување на интерните контроли на Мaѓар Телеком, како и воспоставување на Програма за корпоративна усогласеност. Програмата за корпоративна усогласеност ја подобрува свесноста за политиките и процедурите за усогласеност на Мaѓар Телеком по пат на обуки, работењето на телефонска линија за пријава на прекршоци, и мониторингот и комуникацијата со вработените и подружниците на Мaѓар Телеком. Мaѓар Телеком останува целосно посветен кон одговорно корпоративно однесување.*

*На 6 јануари 2012 година, Мaѓар Телеком плати кривична казна во износ од 59,6 милиони американски долари во согласност со спогодбата со МП, а на 23 јануари 2012 година Мaѓар Телеком плати 25,2 милиони американски долари за враќање на нелегално стекнатата добивка и 6,0 милиони американски долари камата за периодот пред донесувањето на пресудата во согласност со спогодбата со КХВ, што изнесува вкупно 90,8 милиони американски долари коишто се платени во врска со спогодбите со МП и КХВ.*

*Погоре наведената спогодба од страна на Мaѓар Телеком и поврзаната обврска не беа евидентирани во консолидираните финансиски извештаи на Групацијата. Овие износи беа одразени во консолидираните финансиски извештаи на Мaѓар Телеком и не се одразени во консолидираните финансиски извештаи на Друштвото..*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Мaѓар Телеком АД на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком АД, на Одоборот на директори на Мaѓар Телеком му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком АД" од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален извештај").*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Мaѓар Телеком, во јануари 2010 година Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите") за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Раководството на Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Раководството во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 248.379 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) заклучно со 31 Декември 2009 што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај). Во 2010 година идентификуваниот износ во врска со потенцијалното даночно*

*влијание (заедно со поврзаната казнена камата) изнесуваше МКД 261.834 илјади од кои МКД 227.972 денари илјади кои се однесуваа на Друштвото беа исплатени во 2010 година согласно извршна одлука, издадена од страна на Управата за јавни приходи. Во Подружницата, заклучно со 31 декември 2011 сумата за идентификуваното потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната затезна камата) изнесува МКД 36.019 илјади. (види белешка 14). Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции беше корегирана во консолидираните финансиски извештаи за 2009 година како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година наместо како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беше првично известено. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година).*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи („МВР") на Република Македонија („РМ") до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто така доби слични барања за доставување на одредена документација до Министерството за внатрешни работи на РМ којашто беше уредно доставена.*

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Одделот за организиран криминал при МВР ги предал досиејата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Атила Сендреи (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Ролф Плат (поранешен Главен финансиски директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Михаил Кефалојанис (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Золтан Кишјухас (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања" на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД – Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив. На 11 мај 2010 година беше изведена експертиза и експерти од Министерството за правда на Република Македонија – Канцеларија за судска експертиза - Скопје, побара дополнителни документи од страна на Друштвото со цел да се подготви експертизата. Експертите побараа дополнителни информации во врска со одредени договори склучени во 2005 и 2006 година, и поврзаните фактури. На 1 ноември 2010 година Друштвото ги собра и достави бараните информации/документи до Канцеларија за судска експертиза.*

*На14 март 2011 година, од Основниот суд Скопје 1 Друштвото доби примерок од документот "Наод и мислење", од ноември 2010 година, издаден од Бирото за судско вештачење на Основниот суд Скопје 1*

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

*како резултат од вештачењето. Документот „Наод и мислење" се однесува на и содржи заклучоци за пет договори склучени со Чаптекс и Космотелко во 2005 и 2006 година, а кои претходно биле разгледани од страна на Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком. Во документот "Наод и мислење" се заклучува дека, врз основа на овие договори биле направени издатоци во износ од 3,975 милиони евра од страна на Друштвото и Каменимост кон Чаптекс "без доказ за извршени услуги"; соодветно, акционерите на Друштвото и Каменимост, пропорционално на нивниот акционерски удел, претрпеле штети во погоре наведениот вкупен износ како резултат на намалените средства за плаќање на дивиденда во 2005 и 2006 година.*

*Врз основа на јавно достапните информации имаме сознание дека јавниот обвинител во 2011 година поднел обвинителен акт против г-дин Сендреи, г-дин Кишјухас и г-дин Плат, но не и против г-дин Кефалојанис. Судското рочиште се одржа на крајот на 2011 година, но беше одложено бидејќи судот не можеше да го обезбеди присуството на ниту еден од обвинетите. Друштвото, како оштетена страна во овој случај, нема добиено официјална судска покана за рочиштето.*

*Според прашањата поставени од страна на истражниот судија би можело да се заклучи дека јавниот обвинител го ословува Друштвото како оштетена страна од дејствијата на обвинетите. Сепак, врз основа на содржината на налогот за вештачење издаден од истражниот судија, и врз база на вештачењето, може да се заклучи дека сега оштетени страни се акционерите на Друштвото (Каменимост АД Скопје, Република Македонија и малцинските акционери), а оттука и државниот буџет, бидејќи Република Македонија е акционер во Друштвото. Поради тоа, јавниот обвинител треба да појасни кој се смета за оштетена страна во овој конкретен случај, што е од големо значење за позицијата на Друштвото во оваа постапка и за неговите понатамошни активности. Во моментов нема никакви индикации дека Друштвото може да се смета за одговорно и да му се наложи да плати пенали или парични казни за кривичната постапка којашто е иницирана против поединците.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

Македонски Телеком

Даниел Сас
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов бб, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 30.04.2012 година

# ИЗЈАВА

Во согласност со Законот за хартии од вредност на РМ како и подзаконската регулатива, јас Даниел Сас на функција Главен извршен директор во Македонски Телеком АД – Скопје, потврдувам дека целосниот приложен материјал за прво тримесечје од 2012 година изготвен на неконсолидирана основа е точен и вистинит.

*На 13 февруари 2006 година, Мађар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е спроведена истрага за одредени договори склучени од друга подружница на Мађар Телеком АД, со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Мађар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Мађар Телеком ги ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Мађар Телеком АД донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Врз основа на јавно достапните информации, како и информациите добиени од Мађар Телеком, и како што беше претходно обелоденето, Одборот за ревизија на Мађар Телеком спроведе интерна истрага во однос на одредени договори поврзани со активностите на Мађар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија, кои вкупно изнесуваа повеќе од 31 милион евра. Поконкретно, интерната истрага испитуваше дали Мађар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија извршиле плаќања коишто се забранети со законите или прописите на САД, вклучувајќи го и Законот на САД за спречување на корумпирано однесување во странство („FCPA"). Друштвото претходно ги обелодени резултатите од интерната истрага.*

*Одборот за ревизија на Мађар Телеком го информираше Министерството за правда на САД („МП") и Комисијата за хартии од вредност на САД („КХВ") за интерната истрага. МП и КХВ започнаа истрага за активностите коишто беа предмет на интерната истрага. Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во Посебните финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2010 година.*

*Во 2011 година, Мађар Телеком склучи конечни спогодби со МП и КХВ за решавање на истрагите на МП и КХВ поврзани со Мађар Телеком. Со спогодбите завршија истрагите на МП и КХВ.*

*Мађар Телеком склучи двегодишен договор за одложено гонење („ДОГ") со МП, според кој Мађар Телеком беше обвинет за прекршување на одредбите од ФЦПА за спречување на давање поткуп и за две прекршувања на одредбите на FCPA што се однесуваат на водењето на деловните книги и евиденцијата. Во согласност со ДОГ, на 29 декември 2011 година, МП поднесе кривична информација („Информација") во која овие обвиненија се изнесуваат до Окружниот суд на САД за Источната област на Вирџинија. Мађар Телеком се согласи да ги признае наводите на МП и да преземе одговорност за дејствијата согласно обвинението изнесено во Информацијата. Мађар Телеком се сложи да плати кривична казна во износ од 59,6 милиони американски долари, да соработува со МП во идни истраги, да се воздржи од какви било прекршувања на сојузниот кривичен закон на САД, да продолжи да ја спроведува програмата за усогласеност и да поднесува извештај за програмата за усогласеност до МП на годишно ниво во текот на*

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов бб, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*времетраењето на ДОГ. МП ќе ги отфрли обвиненијата по завршувањето на двегодишниот период, доколку Маѓар Телеком не го прекрши ДОГ.*

*На 29 декември 2011 година, КХВ поднесе Тужба („Тужба") во Окружниот суд на САД за Јужната област на Њујорк и предложи Конечна пресуда против Маѓар Телеком („Конечна пресуда"). Без да ги признае или да ги негира наводите во Тужбата, Маѓар Телеком се согласи кон поднесувањето на Тужбата и донесувањето на Конечна пресуда за решавање на истрагата на КХВ. Во Тужбата се наведени граѓански прекршувања на одредбите од FCPA за спречување на давање поткуп, водење на деловните книги и евиденција и за интерни контроли. Со Конечната пресуда, којашто беше одобрена од страна на Окружниот суд на САД за Јужната област на Њујорк на 3 јануари 2012 година, на Маѓар Телеком му е изречена трајна забрана во однос на прекршувањето на овие одредби и се бара од Маѓар Телеком да плати 25,2 милиони американски долари за враќање на нелегално стекната добивка и 6,0 милиони американски долари камата на тие средства за периодот пред донесувањето на пресудата.*

*Во конечните спогодби, МП и КХВ ги земале предвид пријавувањето на делото од страна на Маѓар Телеком, темелната интерна истрага, корективните мерки и соработката во истрагите на МП и КХВ. Маѓар Телеком презема неколку корективни мерки за справување со прашањата што беа идентификувани во текот на овие истраги. Овие мерки вклучуваат чекори кои имаат за цел ревидирање и подобрување на интерните контроли на Маѓар Телеком, како и воспоставување на Програма за корпоративна усогласеност. Програмата за корпоративна усогласеност ја подобрува свесноста за политиките и процедурите за усогласеност на Маѓар Телеком по пат на обуки, работењето на телефонска линија за пријава на прекршоци, и мониторингот и комуникацијата со вработените и подружниците на Маѓар Телеком. Маѓар Телеком останува целосно посветен кон одговорно корпоративно однесување.*

*На 6 јануари 2012 година, Маѓар Телеком плати кривична казна во износ од 59,6 милиони американски долари во согласност со спогодбата со МП, а на 23 јануари 2012 година Маѓар Телеком плати 25,2 милиони американски долари за враќање на нелегално стекната добивка и 6,0 милиони американски долари камата за периодот пред донесувањето на пресудата во согласност со спогодбата со КХВ, што изнесува вкупно 90,8 милиони американски долари коишто се платени во врска со спогодбите со МП и КХВ.*

*Погоре наведената спогодба од страна на Маѓар Телеком и поврзаната обврска не беа евидентирани во посебните финансиски извештаи на Друштвото. Овие износи беа одразени во консолидираните финансиски извештаи на Маѓар Телеком и не се одразени во посебните финансиски извештаи на Друштвото.*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Маѓар Телеком АД на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД, на Одборот на директори на Маѓар Телеком му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД" од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален извештај").*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, во јануари 2010 година, Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите") за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Раководството на Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Раководството во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 216.577 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) заклучно со 31 Декември 2009 што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај. Во 2010 година идентификуваниот износ во врска со потенцијалното даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) изнесуваше МКД 227.972 илјади кои беа исплатени во 2010 година*

*согласно извршна одлука, издадена од страна на Управата за јавни приходи. Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции е корегирана во консолидираните финансиски извештаи за 2009 година како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година наместо како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беше првично известено. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година).*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи („МВР") на Република Македонија („РМ") до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи.*

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Одделот за организиран криминал при МВР ги предал досиејата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Атила Сендреи (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Ролф Плат (поранешен Главен финансиски директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Михаил Кефалојанис (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Золтан Кишјухас (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања" на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД – Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив На 11 мај 2010 година беше изведена експертиза и експерти од Министерството за правда на Република Македонија – Канцеларија за судска експертиза - Скопје, побара дополнителни документи од страна на Друштвото со цел да се подготви експертизата. Експертите побараа дополнителни информации во врска со одредени договори склучени во 2005 и 2006 година, и поврзаните фактури. На 1 ноември 2010 година Друштвото ги собра и достави бараните информации/документи до Канцеларија за судска експертиза.*

*На14 март 2011 година, од Основниот суд Скопје 1 Друштвото доби примерок од документот "Наод и мислење", од ноември 2010 година, издаден од Бирото за судско вештачење на Основниот суд Скопје 1 како резултат од вештачењето. Документот „Наод и мислење" се однесува на и содржи заклучоци за пет договори склучени со Чаптекс и Космотелко во 2005 и 2006 година, а кои претходно биле разгледани од страна на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком. Во документот "Наод и мислење" се заклучува дека, врз основа на овие договори биле направени издатоци во износ од 3,975 милиони евра од страна на Друштвото и Каменимост кон Чаптекс "без доказ за извршени услуги"; соодветно, акционерите на Друштвото и*

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 6б, 1000 Скопје

*Каменимост, пропорционално на нивниот акционерски удел, претрпеле штети во погоре наведениот вкупен износ како резултат на намалените средства за плаќање на дивиденда во 2005 и 2006 година.*

*Врз основа на јавно достапните информации имаме сознание дека јавниот обвинител во 2011 година поднел обвинителен акт против г-дин Сендреи, г-дин Кишјухас и г-дин Плат, но не и против г-дин Кефалојанис. Судското рочиште се одржа на крајот на 2011 година, но беше одложено бидејќи судот не можеше да го обезбеди присуството на ниту еден од обвинетите. Друштвото, како оштетена страна во овој случај, нема добиено официјална судска покана за рочиштето.*

*Според прашањата поставени од страна на истражниот судија би можело да се заклучи дека јавниот обвинител гоословува Друштвото како оштетена страна од дејствијата на обвинетите. Сепак, врз основа на содржината на налогот за вештачење издаден од истражниот судија, и врз база на вештачењето, може да се заклучи дека сега оштетени страни се акционерите на Друштвото (Каменимост АД Скопје, Република Македонија и малцинските акционери), а оттука и државниот буџет, бидејќи Република Македонија е акционер во Друштвото. Поради тоа, јавниот обвинител треба да појасни кој се смета за оштетена страна во овој конкретен случај, што е од големо значење за позицијата на Друштвото во оваа постапка и за неговите понатамошни активности. Во моментов нема никакви индикации дека Друштвото може да се смета за одговорно и да му се наложи да плати пенали или парични казни за кривичната постапка којашто е иницирана против поединците.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

Македонски Телеком

Даниел Сас
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса Орце Николов 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660